РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer. 03-873/1
04.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Објект: Палата „Панко Брашнаров",**

**Административен објект,**

**Ул. „Македонија" бр. 38, Скопје**

**Скопје, февруари 2026 година**

# ОДЛУКА

## за назначување раководител за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување на РМ („Службен весник на РМ“ 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16 и 83/18 ) и другите позитивни законски прописи директорот на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ја донесе следната **одлука**

I Се назначува лицето :

- м-р Арѓенд Џелили

за

**РАКОВОДИТЕЛ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

II Се назначуваат лицата наведени подолу во табелата

за

**ПОМОШНИК-РАКОВОДИТЕЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

(координатори)

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | м-р Горјан Шекеринов | | Помошник-раководител за заштита и спасување |
| 2. | Виктор Стојанов | | Координатор за вонредни ситуации |

Горенаведените лица стануваат извршители на активностите за заштита и спасување од датумот на оваа одлука.

Скопје ___________

Извршители на активностите за заштита и спасување се сите вработени, а координатори се назначените лица. Со евакуацијата раководи раководителот на објектот на ул. „Македонија" бр. 38 на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ, а прв помошник му е помошник-раководителот за заштита и спасување. Помошниците за заштита и спасување – координаторите се директно надлежни за успешно спроведување на акцијата за евакуација. Контактите од лицата од универзалната единица (тимот) за евакуација се дадени подолу:

| Реден број | Позиција | Име и презиме | Тел .број |
|---|---|---|---|
| 1. | Координатор за заштита и спасување на кат - приземје | Маре Тарчуговска | 02/3103-435 |
| 2. | Заменик-координатор за заштита и спасување на кат – приземје | Татјана Куневска | 02/3103-434 |
| 3. | Координатор за заштита и спасување на кат – I кат | Атила Мемед | 02/3103-441 |
| 4. | Заменик-координатор за заштита и спасување на кат – I кат | Наташа Стојчевска | 02/3103-438 |
| 5. | Координатор за заштита и спасување на кат – II кат | м-р Арѓенд Џелили | 02/3103-407 |
| 6. | Заменик-координатор за заштита и спасување на кат – II кат | м-р Александар Џуваревиќ | 02/3103-460 |
| 7. | Координатор за заштита и спасување на кат – III кат | Симе Златески | 02/3103-414 |
| 8. | Заменик-координатор за заштита и спасување на кат – III кат | Ирена Игњатовска | 02/3103-468 |
| 9. | Координатор за заштита и спасување на кат – IV кат | м-р Емилија Јаневска | 02/3103-420 |
| 10. | Заменик-координатор за заштита и спасување на кат – IV кат | м-р Емилија Петреска Камењарова | 02/3103-428 |
| 11. | Координатор за заштита и спасување на кат – V кат | м-р Драгица Љубевска | 02/3103-447 |
| 12. | Заменик-координатор за заштита и спасување на кат – V кат | д-р Ивана Стојановска | 02/3103-409 |

Се назначуваат следните лица за прифаќање на евакуираните лица:

**Список на лицата за прифаќање на евакуираните - контакти**

| Реден број | Позиција | Име и презиме | Тел. број |
|---|---|---|---|
| 1. | Раководител за прифаќање | Весна Симоновска | 02/3103-437 |
| 2. | Заменик-раководител за прифаќање | Сашо Петрушевски | 02/3103-456 |

**Задолженија на раководителот за заштита и спасување, помошник-раководителите за заштита и спасување и другите вработени при евакуација на вработените**

Таб 1

| Позиција | Листа на проверка |
|---|---|
| Раководител на објектот – / Раководител за заштита и спасување | Го активира планот за евакуација од природни непогоди и други несреќи и дава зелено светло за вклучување на системот за тревога |
| | Го активира тимот за евакуација и со координаторот го контролира текот на евакуација |
| | |
| | По завршувањето на евакуацијата одлучува дали вработените ќе се вратат на своите места |
| | Донесува и други решенија во текот на евакуација |

Таб 2

| Позиција | Листа на проверка |
|---|---|
| | Го активира планот за евакуација во отсуство на раководителот на објектот |
| | Ги известува надлежните служби: МВР, БППЗ, ДЗС, Итна медицинска помош |

| | |
|---|---|
| Помошник-раководител за заштита и спасување - во отсуство на раководителот | Дава налог на другите евакуатори за почеток на евакуација усно или на мобилните телефони, доколку не работи системот за тревога |
| | Комуницира со надлежните служби: ЕВН, комунални служби и сл. во врска со исклучување на инсталациите |
| | Доколку е потребна врши и евакуација на одреден простории |
| | Контролира дали се исклучени инсталациите (струја, вода, парно и сл. ) |
| | Координира со раководителот на објектот и презема и други дејствија во врска со настанатата ситуација |

Таб 3

| Позиција | Листа на проверка |
|---|---|
| Помошник за заштита и спасување / координатор за вонредни ситуации / | Проверува дали е вклучен ПП-алармот |
| | Известува надлежни служби: БППЗ, МВР, ДЗС, ЕВН и сл. |
| | Координира со раководителот за заштита и спасување, помошник-раководителот и другите координатори |
| | Ги насочува вработените на безбедно место |
| | Го контролира целиот тек на евакуација |
| | Врши проверка дали има потреба за изведување акција за спасување |
| | Го информира раководителот за заштита и спасување за текот на акцијата за евакуација и презема и други дејствија согласно настанатата ситуација |

| | |
|---|---|
| | Го прекинува доводот на ел. инсталации |
| | Го прекинува доводот на вода и парно |
| | Ги исклучува и другите инсталации |
| | Координира со раководителот за евакуација и презема и други актвности согласно настанатата ситуација |
| | Им наредува на вработените почеток на евакуација |
| | Спроведува евакуација според пропишана постапка |
| | Се грижи да не се создаде паника и стрес кај вработените |
| | Координира со раководителот за заштита и спасување за текот на евакуацијата |
| | Врши проверка дали сите вработени се евакуирани од просториите и по потреба укажува прва помош |
| | Ги упатува вработените на безбедно место, врши и други активности согласно со планот |

## УПАТСТВО ЗА ЕВАКУАЦИЈА

- **Правци на движење и зборно место на безбеден простор**

Евакуацијата на вработените и посетителите од секое место на кое ќе се најдат лицата во моментот на давања тревога ќе се врши низ комуникативниот простор (ходниците) директно кон влезно-излезните врати во слободен простор.

Евакуацијата ќе се извршува по најкраткиот пат до влезно-излезната врата директно во слободен простор.

**Зборно место за евакуација**

Зборното место (MEETING POINT) е на 15 м оддалеченост од објектот, десно од Агенцијата, на паркингот на ул. „Свети Кирил и Методиј" и до него се доаѓа со движење по тротоарот десно од Агенцијата. Евакуираните лица мора да внимаваат на возилата кои постојано се движат на паркингот.

Зборното место се наоѓа на доволно растојание од просториите на Агенцијата и овозможува целосна безбедност на евакуираните лица.

Во продолжение е дадена и фотографијата од зборното место за евакуација.



Со цел подобро информирање на вработените во продолжение е дадена и мапа за зборното место за евакуација



**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (Meeting Point) Зборно место**

**Слика 2.** Зборно место (MEETING POINT) за евакуација прикажано на мапа

**Организација на прифатот**

По извршената евакуација и собирање на вработените на зборното место, кое пружа целосна безбедност на евакуираните лица (вработените и посетителите), раководителот на акцијата за заштита и спасување врши проценка на ситуацијата и во смисла на истата:

- Врши проверка дали сите вработени се евакуирани
- Одредува мерки и активности за санирање на последиците од несреќата (пожар, или друг вид несреќа), ако има потреба за истото
- Одредува лица кои ќе се вклучат во акцијата за спасување вработени кои се блокирани во делови на објектот (ако има такви)
- Повикува и надворешни спасувачки служби за помош ако има потреба за тоа
- Ги испраќа дома вработените кои не можат да се вклучат во понатамошните безбедносни активности

## НАЧИН НА ИЗВЕДБА НА СПАСУВАЊЕ

Во сите случаи кога евакуацијата на вработените не е изведена во целост се врши акција на спасување на заробените лица. Потреба од спасување заробени или повредени лица се јавува при: поголеми пожари, експлозии од одредени материјали, земјотреси, воени дејства, силни невремиња и сл.

Во оваа акција се вклучени:

- Вработени кои ги одредува раководителот на акцијата за заштита и спасување
- Припадници на професионални ПП-единици
- По потреба и други специјализирани служби

Раководителот на акцијата за заштита и спасување во рамките на својот делокруг на работа и овластувања утврдува со помош на извидување:

- Број на луѓе кои се загрозени и местото каде што се наоѓаат
- Која непосредна опасност им се заканува
- Дали истите се во панична состојба
- Кои излези се блокирани
- Дали им е неопходна брза помош и слично
- Кои средства за спасување и кои лични и колективни заштитни средства се потребни за работниците кои ќе ја изведат акцијата за спасување (со оглед на тоа што во евентуален пожар во објектот и при непотполно согорување поради присуство на синтетички, пластични и други слични материјали кои во својот состав содржат јаглерод, хлор и сл. можат да се ослободат штетни и токсични продукти на согорување, лицата кои се вклучени во гасење на пожарот или спасување на загрозените задолжително да се обезбедат со лични заштитни средства пропишани во вакви услови на интервенција, покрај другата опрема и средства потребни за евакуација).

До пристигнување на професионалните сили за заштита и спасување се користат сопствени сили и средства за спасување.

За успешно спроведена акција на спасување Агенцијата има обучен кадар за спасување, материјално-технички средства за спасување и лични заштитни средства на спасителите.

По пристигнување на професионалните служби за спасување, со акцијата раководи командантот на смена од овие служби.

## БЕЗБЕДНО МЕСТО НА ЕВАКУИРАНИТЕ РАБОТНИЦИ

Сите вработени и присутни надворешни лица кои биле евакуирани во текот на акцијата за евакуација се собираат на зборното (безбедно) место одредено со планот за заштита и спасување и означено во графичкиот прилог. Тоа е безбедно место на отворен простор и се наоѓа на околу 15 м од објектот, поконкретно надвор од објектот, односно десно од влезно-излезната врата на паркингот на ул. „Свети Кирил и Методиј“, во близина на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (на отворено).

На безбедното место мора да дојдат сите евакуирани работници и посетители и задолжително се зема бројна состојба, со цел утврдување на ефикасноста на изведената евакуација.

ПОСТАПКА НА ЗБОРНОТО МЕСТО

По собирање на безбедното место на отворено, кое е означено во графичите прилози на планот, работниците мораат:

- Мирно да ги чекаат следните наредби и упатства
- Не смеат да создаваат дополнителна паника
- Не смеат да се шетаат и самоволно да го напуштаат местото
- Не смеат да се враќаат во објектот самостојно и без дозвола од раководителот на акцијата за евакуација
- Се преземаат активности во координација со директорот на Агенцијата, раководителот на акцијата за евакуација и спасување, одговорните лица од Дирекцијата за заштита и спасување, БППЗ, МВР и слично

- Се организира прва помош, а потешко повредените се пренесуваат во најблиските здравствени установи (Здравствен дом „Железничар“, Градска општа болница и сл.)

**Лица задолжени за укажување прва медицинска помош на евентуално повредени работници или посетители**

Преглед на одговорни лица за **пружање прва медицинска помош**

| Име и презиме | Позиција | Тел. број |
|---|---|---|
| Владимир Ѓорѓиески | Раководител за прва помош | 02/3103-442 |
| Христијан Трајчевски | Помошник за прва помош | 02/3103-451 |
| Сашо Петрушевски | Помошник за прва помош | 02/3103-456 |

Првата медицинска помош опфаќа преземање хигиенско-епидемиолошки мерки, укажување прва медицинска помош со стандардни и приручни средства на местото на повредата.

Првата медицинска помош опфаќа преземање мерки на медицинска тријажа на повредените, ранетите и заболените, како и транспорт до најблиските установи.

За успешно пружање прва помош потребно е да се направи:

- Задолжителна информативна обука за сите вработени
- Информираност на сите вработени со доставување печатени материјали за прва помош
- Специјализирана обука на одреден број лица за прва медицинска помош

- Постоење и редовно дополнување на средствата за прва медицинска помош
- Евиденција и анализа на повредите и ефикасноста на опремата за прва медицинска помош која се поседува, со предлог за нејзини измени и дополнувања
- Опременост со други технички средства
- Мерки со цел брза и моментална реакција за повикување Итна медицинска помош
- Периодични вежби за пружање прва медицинска помош на лицата задолжени за прва медицинска помош

**Начин на известување на Итната медицинска помош**

Итната медицинска помош се известува на следниот начин:

- Со повикување на телефонскиот број на службата за прва помош 194 или на бројот за итни случаи 112. Ако овие служби ги повикал друг работник треба да се побара од него да ви потврди дека јавувањето е примено и дали помошта ќе стигне брзо и приближно за колку време.

  При барањето прва помош потребно е:

- Лично да се претставите (со име и презиме, тел. број) и да кажете дека пружате прва помош на местото на несреќата
- Да дадете телефон за контакт или мобилен телефон поради дополнителни консултации и контакти со раководното лице за заштита и спасување
- Да се објасни на соговорникот: каде се случила несреќата, на кое место, на која адреса, како и други податоци за локацијата
- Да се опише накратко што навистина се случило таму (да се опишат видот и големината на несреќата, можни опасности од пожар, од поплава, од истекување гас, отровни материи и слично)
- Број, пол и приближна старост на повредените
- За какви повреди се работи: изгореници, затруени, скршеници, крварења и сл.
- Да се причекаат упатства и прашања од службата за прва помош
- Потврдете дека сите упатства сте ги примиле и разбрале

## Преглед на материјални добра што се евакуираат - кој и каде ги евакуира

Спасување на луѓето и материјалните добра

При евакуацијата приоритетно е:

- Спасување на загрозените лица
- Ако при несреќата има загрозени лица, веднаш се пристапува кон нивно спасување и евакуација. Ако постои потенцијална опасност за загрозување други лица, неодложно се пристапува кон акција за нивна евакуација.
- Ако при несреќата нема загрозени луѓе, тогаш се евакуираат материјалните добра.
- Со акцијата за спасување на луѓето и материјалните добра раководи раководителот за евакуација до доаѓањето на Бригадата за ПП-заштита на Град Скопје
- По доаѓањето на Бригадата за ПП-заштита на Град Скопје, со акцијата раководи одговорното лице од бригадата, согласно законските прописи
- За успешна евакуација на материјалните добра треба добра обученост на спасителите и соодветни технички средства за спасување, лични заштитни средства за заштита од продукти на согорување и добра организација.
- По извршената евакуација вработените ќе постапуваат согласно дадените упатства од одговорните лица за евакуација.

## ТАБЕЛАРНИ ПРИЛОЗИ

Табела 1 – Здравствени установи кои ќе се ангажираат за пружање прва помош

| | |
|---|---|
| Здравствен дом „Железничар“ | 02/ 3238456 |
| Градска општа болница Скопје | 02/ 3235000 |

Табела 2 – Преглед на безбедно место за прифаќање на повредените

| | |
|---|---|
| Градска општа болница Скопје | 02/ 3235000 |
| Здравствен дом Скопје | 02/3134485 |

Табела 3 – Расположливи лекови и друг санитетски материјал

| Вид | Количина | Каде се чува |
|---|---|---|
| Завој | 3 парчиња | Сандаче за прва помош |
| Бивацин | 1 парче | Сандаче за прва помош |
| Газа | 5 парчиња | Сандаче за прва помош |
| Медицински памук | 3 парчиња | Сандаче за прва помош |
| Медицински алкохол | 2 шишенца | Сандаче за прва помош |

Табела 4 – Преглед на лицата одговорни за пружање прва медицинска помош

| Позиција / Должност | Име и презиме | Тел. број |
|---|---|---|
| Раководител за прва помош | Владимир Ѓорѓиески | 02/3103-442 |
| Помошник за прва помош | Христијан Трајчевски | 02/3103-451 |
| Помошник за прва помош | Сашо Петрушевски | 02/3103-456 |

Табела 5 - Телефони на градски служби кои би се повикале за заштита

| Реден број | Назив | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | Дирекција за заштита и спасување Скопје | 02/2433373 |
| 2. | Центар за итни случаи | 112 |
| 3. | МВР | 192 |
| 4. | БППЗ | 193 |
| 5. | Прва помош | 194 |
| 6. | Центар за управување со кризи | 195 |
| 7. | Ре-Медика Скопје | 02/2603100 |
| 8. | Градска општа болница Скопје | 02/ 3235000 |
| 9. | Здравствен дом Скопје | 02/3134485 |
| 10. | ЕВН | 0890 88888 |
| 11. | Водовод | 02/ 3073 010 |

Табела 6 - Опрема и средства за гаснење

| Вид | Количина |
|---|---|
| ПП-апарати со прав S-6 | 5 |
| ПП-апарати со прав S-9 | 33 |
| ПП-апарат со прав S 50 | 1 |
| ПП-хидранти | 22 |
| ПП-системи | 3 |

Графички прилог –

шема за евакуација[1]

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран Трајчевски**

[1] Шемите за евакуација се поставени на секој спрат во деловниот објект на Агенцијата



ПРИЗЕМЈЕ



ПРВ КАТ



ВТОР КАТ



ТРЕТ КАТ



ЧЕТВРТИ КАТ



ПЕТТИ КАТ